# Прилог кон проучувањето на еврејската синагога во Стоби

Живојин Винчиќ, археолог, конзерватор советник
Маргарита Бузалковска-Алексова, класичен филолог,
Философски факултет, Скопје
mgmba@freemail.com.mk

Во токот на археолошко-конзерваторските работи на античкиот град Стоби – oppidum civium Romanorum – municipium Stobensium – што ги изведува Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, на објектот Синагога – Базилика, поточно, при реставрирањето на подот во јужниот коридор на перистилно решениот ексонартекс – атриум на базиликата, во 1997 година се утврди дека едната од "пломбите" (крпеници) од оштетените тегули на подот, претставува ктиторско-заветен натпис на старогрчки јазик, кој се наоѓал од долната страна на стрниот диск, во средишниот дел од овој коридор.

По извршеното нумерирање, подигнати се сите, макар и делумно запазени (фрагментирани) тегули и по поставувањето на соодветна супструкција, истите се вратени на новиот носач, на нивното афтентично место.

На овој археолошко конзерваторски третман досега се изложени: средишниот дел од перистилот, источниот и јужниот коридор, додека на останатите подни површини работите се сè уште во ток.

Ктиторско заветната плоча е од бел ситнозрнест мермер од прилепскиот мермерен базен, во кружна форма, со површина од 0, 20 м. и дебелина од 0, 03 м., наместа малку оштетена по ободот на дискот. На ротондата се забележуваат траги од опожарување, во вид на светло кафени дамки, кои ни кажуваат нешто повеќе како завршила втората синагога и нејзиниот ентериер.

Натписот е изведен во осум редови, со не многу вешто врежани букви, но е запазен во целост.

Во компонирањето на натписот се чувствува неизедначеност – во првите четири реда буквите се поголеми и пооддалечени, како и редовите. Во долните четири реда, пак, буквите се помали и редовите позбиени. Јасно е дека каменорезецот не го пресметал правилно за обемот на натписот.

Текстот на натписот гласи:



| | |
|---|---|
| Αλεζαν- | Алексан- |
| δρος Φρον- | дар Фрон- |
| τειστης - | тиста го о- |
| νενεοσεν | бновил |
| τον περιπα- [5] | шеталиш- [5] |
| τον της αγιας | тето на светата |
| συναγωγης | синагога |
| ευλογια πασιν | како благослов за сите. |

Натписот е врежуван со мајускули (големи букви), освен ξ од Ἀλέξανδρος, кое е врежано со мала буква. Местото каде што се наоѓа буквата е оштетено, а има оштетување и кај втората буква N во седмиот ред. Во гентилното име Φροντειστής, ι се бележи како ει. На врежаниот текст има една лигатура: во шестиот ред десната вертикала на H служи и како вертикала за C. Иако заради лошо испланираниот простор големината на буквите варира, писарот има точно утврден ракопис и е очигледно дека натписот е врежан од едно лице. Според формата на буквите и начинот на кој се врежани буквите A, Σ и Ω (хоризонталата на A е аглеста, Σ е во четвртаста форма и Ω е како македонската ш буква), може да се забележи дека сите се врежани на ист начин.[1]

Секоја од монументалните и надвор од нив градби во Стоби, како од профаната, така и од сакралната архитектура, сместени во три урбани хоризонти, од II век од старата до VI век од новата ера имаат посебна и специфична улога во културниот и историскиот развој и зависно од функцијата, содржината и хронологијата придонесуваат за многубројните вредности на овој убав антички град.

Во таа смисла, повеќедецениските дисконтинуирани истражувања ни овозможуваат да го заклучиме следново: Синагогата базилика од Стоби претставува посебен сакрален комплекс, под кој како супструкција се појавуваат протоисториската и хеленистичката хронолошка фаза, така што овој комплекс има две фази од Синагога базилика и две фази од ранохристијанска трокорабна базилика, за што ќе стане повеќе збор на друго место.

И покрај фактот што Стоби е нашиот најистражен антички град, со релативно богати антички извори и со општа, особено понова библиографија, во таа смисла сосема е спротивно со комплексот на Синагогата базилика и секој прилог за неговото проучување претставува голем и значаен придонес за запознавањето на неговото минато. Затоа, откривањето и објавувањето на овој натпис, на кој сосема прецизно се споменува Синагогата, не претставува само уште едно сведоштво за тоа дека неа ја имало и се наоѓа во Стоби, туку на некој начин ѝ доближува до датирањето на првата фаза од Синагогата, која ја датираме во втората половина од првиот, односно првата половина од вториот век од нашата ера, во времето на раната римска доминација во Македонија. Притоа, за постарата фаза на Синагогата, треба да се поврзе, меѓу другото и група ѕидови и простории, стратиграфски подолу од подот на нејзината втора фаза, но не и познатиот натпис на Полихармос, таткото на еврејската општина во Стоби, каде што и бил откриен во 1932 година и на кој исто така се споменува Синагогата.

Нашиот натпис, како сполија заграден во подот од јужниот коридор, секако ѝ припаѓа на помладата – Синагога II, особено што во тоа време имало една репарација од пошироки размери, што може посебно да се види од мозаичниот под.

За разлика од споменатиот натпис на Т. К. Полихармос, кој е изработен на завидно занаетчиско и уметничко ниво, фактот што нашиот натпис не му е рамен и е далеку од тоа ниво, исто така упатува и на едно кризно време.

Нашиот наод на бронзена монета од римскиот император Ликиниј [2] се јавува како terminus ante quem non за настанувањето на втората фаза од Синагогата, а воедно и terminus post quem non за изградбата на првата фаза од ранохристијанската трокорабна базилика, над двете синагоги.

Можеме уште повеќе да се доближиме до временската и техничката врска меѓу нашиот натпис и Синагога II, зашто има можност натписот да ја споменува токму интервенцијата на мозаичкиот под во терастонот, која се препознава при поврзувањето на двата сосема различни опуса (barbaricum и tesselatum) во неговиот зпаден дел.

Врз основа на изнесеното, а имајќи ги предвид и другите културно-историски и политички околности, сметаме дека горната граница за животот на Синагога II, односно за нашиот натпис е 313-та година (Милански едикт на Константин и Ликиниј) [3], која е всушност и долната граница на првата фаза од ранохристијанската трокорабна базилика во Стоби.

## Користена литература:

Hoddinott R.: *Early Byzantine Churches in Macedonia and Southern Serbia*, London 1963.
Petrović: ‘Iskopavanje u Stobima 1931’, *Starinar* 7, 8-9, 1931 i 1933-1934, Beograd 1932 i 1934 godina.
Danov G.: *Notizen zur Synagogeninschrift von Stobi*, Sofia 1934.
Hengel M.: Synagogeninschrift von Stobi, 1966.
Vulić N.: Antički spomenici naše zemlje, *Spomenik* SKA, Beograd 1931.
Reinach S.: Traité d’ epigraphie grecque, Paris 1885.

Robert J. Bulletin épigraphique, Paris 1968.
Marmorstein A.: ‘The Synagogue of Claudius Tiberius Polycharmos in Stobi’, *Jewish Quarterly Review*, 1937.
Vinčić Ž.: ‘Sinagoga Bazilika’, *Arheološki pregled*, Beograd 1965.
Poehlman W.: ‘The Polycharmos’ Inscription and Synagogue I at Stobi’, *Studies in Antiquities of Stobi* III, T. Veles 1981, p. 235-247.

## Белешки:

[1] Според формата на буквите, не е исклучено натписот да се датира на крајот од третиот и почетокот од четвртиот век пред н.е.
[2] 308-324, Imp. Caesar Valerius Licinianus Licinius Augustus.
[3] 306-337, Imp. Caesar C. Flavius Valerianus Constantinus Augustus.

*

# A contribution to the research of the Xebrew synagoga at Stobi (Summary)

Dr. Živojin Vinčić, archeologist, a conservator counceller
Dr. Margarita Buzalkovska-Aleksova, a classical philologist
Философски факултет, Скопје
mgmba@freemail.com.mk

During the archeological conservatory work on the Ancient Stobi, done by the Republic Office for protection of cultural monuments, appeared an inscription in Ancient Greek on a marble rotunda in eight rows –‘Alexandros Frontistes renewed the walking corridor of the Sacred Synagogue as a blessing to all’, which, according to the form of the letters (characteristic for the end of the 3-d and beginning of the 4-th century AD) on one hand and the archeological and political data, is being dated in 313 AD.